# 72. ОЈ, ВАРДАРЕ МАКЕДОНСКИ




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 72. ОЈ ВАРДАРЕ МАКЕДОНСКИ

1. Среде Скопје, Вардар тече,
Вардар река распеана,
ој Вардаре, македонски,
од извора дур'до Солуна.
Ој Вардаре, македонски,
ти ја красиш Македонија.

2. Каде Вардар поминуваш,
среќа, радост донесуваш
ој Вардаре, македонски
од извора, дур'до Солуна.
Ој, Вардаре, македонски
ти ја красиш Македонија.

3. Твојте градој како бисери
ти закитиле брегови
ој, Вардаре македонски
од извора дур'до Солуна.
Ој Вардаре, македонски,
ти ја красиш Македонија.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996